МОСТ
Граѓанска Асоцијација

ул. Стрезово бр.7,
Скопје, Р Македонија
тел. +389 2 3099 384
most@most.org.mk
www.most.org.mk

***Соопштение за медиуми***
***09.07.2007, Скопје***

## *Студентите ќе патуваат во Европа*

Студентите кои ќе бидат дел од тимот кој еден месец ќе патува низ Европа денеска ги подигнаа своите визи. За помалку од една седмица тие ќе го започнат своето патување, запознавајќи ги земјите и нивните демократски вредности, народите и културите. Студентите се избрани на јавен конкурс, селектирани според просечната оценка во текот на студирањето.

Од реализаторот на проектот, Граѓанската асоцијација МОСТ, со помош на донаторите и спонзорите, обезбедени се Inter Rail карта, за неограничено патување со воз, бесплатна Шенген виза, осигурување, студентска картичка и дел од средствата кои ќе им бидат потребни, на платежна картичка.

На коктелот организиран по повод нивното заминување, на студентите им се обратија Амбасадорот Ерван Фуере, Амбасадорот на Р Германија Ралф Андреас Брет и покровителот на коктелот Заменикот претседател на Владата на Р Македонија г-ѓа Габриела Коневска Трајковска.

На истиот настан, на сите кои ја прифатија и поддржаа идејата за реализирање на проектот Патуваме во Европа, Граѓанската асоцијација МОСТ и студентите им врачија благодарници.

Целта на Патуваме во Европа е 40 студенти од Македонија, преку патување и посети, директно да се запознаат со демократските вредности, навики и култури во другите земји, и да ги промовираат и доближат тие вредности во Македонија. Во исто време студентите ќе ја промовираат и Македонија.

Ова е регионален проект во рамките на кој студенти од Македонија, Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Албанија, ќе можат да патуваат и да се запознаат со функционирањето на системите во другите држави, а во исто време и да ги претставаат сопствените земји.

# # # # #

За дополнителни информации: Граѓанска асоцијација МОСТ 02/ 30 99 384

Донатори: Robert Bosch Stiftung, BTD, Koninkrijk der Nederlanden, Deutsche Botschaft Skopje / Германска амбасада Скопје
Поддржано од:
Спонзори: ТАБАК осигурување, NLB Тутунска банка
Помагатели: On.net, Aurora, MagnaSken, ARTVERTISING
Медиумски покровители: Antenna 5, ALSAT, RADIO Vati 88.4